РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
ЛОКАЛНА САМОУПРАВА
Бр. 04-6/11
27.06.2024 год.
ДЕЛЧЕВО

Врз основа на член 45 од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 14/20, 215/21 и 99/22), Секретарот на Општина Делчево донесе

**ОДЛУКА**

**За избор на кандидат за вработување на административен службеник по Јавен оглас бр.76/2024 за работно место Соработник – даночен книговодител, во Одделение за буџетска контрола, сметководство и администрирање на даноци, Сектор за финансиски прашања**

1. За извршител на работното место **Соработник – даночен книговодител,** шифра на работното место УПР0101В03000, со звање Соработник, во Одделение за буџетска контрола, сметководство и администрирање на даноци, Сектор за финансиски прашања, се избира кандидатката **Милена Багевска**, со идентификациски код 7DE7F16 , националност македонка.

2. Избраната кандидатка од точка 1 ќе биде вработена во Општина Делчево, по конечноста на оваа Одлука, за што ќе биде донесено посебно Решение.

3. Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното објавување.

***Образложение***

По објавениот Јавен оглас број 76/2024 на ден 13.01.2024 година, во дневните весници Коха, Слободен печат и Вечер и на интернет страната на Агенцијата за администрација на РСМ, за пополнување на работно место преку спроведување на постапка за вработување, Комисијата за селекција за вработување по јавен оглас, формирана со Решение бр.10-64/3 од 31.01.2024 година и измена на Решение бр.10-64/5 од 13.02.2024 година, донесени од страна на директорот на Агенцијата за администрација на РСМ, спроведе постапка за вработување по Јавен оглас бр.76/2024. По извршената административна селекција за административен службеник (Записник бр.10-64/4 од 01.02.2024 година), спроведениот испит за административен службеник (Записник бр.10-64/6 од 14.02.2024 година), и спроведената проверка на веродостојност на докази и интервју за административен службеник (Записник бр.10-64/11 од 26.06.2024 година), Комисијата изготви Конечна ранг листа на кандидати од сите фази на селекција и достави Предлог за вработување по Јавен оглас бр.76/2024, бр.10-64/12 од 26.06.2024 година, за вработување на Соработник – даночен книговодител, во Одделение за буџетска контрола, сметководство и администрирање на даноци, Сектор за финансиски прашања, во Општина Делчево.

По спроведената постапка а врз основа на Конечната ранг листа на кандидати од сите фази на селекција и Предлогот за вработување по Јавен оглас бр.76/2024, Секретарот на Општина Делчево изврши избор како во диспозитивот на оваа Одлука.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа Одлука дозволена е Жалба до Агенцијата за администрација, во рок од 8(осум) дена од денот на нејзиното објавување на интернет страната и огласната табла на Агенцијата за администрација на РСМ.

Изработил: Советник С.Петровска
Контролирал: Советник И.Ивановска

**ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
Секретар
Билјана Прачкоска

*Доставено до*

- *Архива/досие*
- *Кандидатот*